Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | **14.4.2025 година** |
| Архивски број: | 33 – 7 / 1 |

Врз основа на член 2 став (1) алинеја 11 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество („Службен весник на РМ" бр.98/16 и 164/17 и „Службен весник на РСМ" бр.97/19, 116/21 и 268/24), член 30-а од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (бр.37-388/1 од 14.5.2018 година, бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, бр.38-29/7 од 28.10.2019 година, бр.39-38/3 од 22.4.2021 година и бр.39-41/3 од 3.6.2021 година) и заклучоците од Конститутивната седница одржана на 7 април 2025 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа**

## 1. БРОЈ НА ПРЕТСТАВНИЦИ И СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ КАНДИДАТИТЕ

1.1. Тројца претставници на здруженија, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица, за членови на **Националниот совет за развој**, на барање на Генералниот секретаријат на Владата, согласно член 11 од Законот за Национална развојна стратегија („Службен весник на РСМ" бр.30/24 и 235/24);

1.2. Двајца претставници на здруженија кои најмалку 10 години спроведуваат активности од областа на превенцијата и борба против корупцијата, за член и заменик член на **Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата**, на барање на Министерството за правда, согласно член 4 од Одлуката за формирање на Меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата („Службен весник на РСМ" бр.145/23, 286/23 и 211/24);

1.3. Еден претставник на здружение или фондација, кој има завршено високо образование и има најмалку пет години работно искуство во секторот/дејноста Уметност, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификации, за член на **Секторската комисија за уметност**, на барање на Министерството за образование и наука, согласно член 18 од Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на РСМ" бр.3/25);

1.4. Двајца претставници на здруженија или фондации за членови на **Секторската работна група за локален и регионален развој**, на барање на Министерството за локална самоуправа;

1.5. Двајца претставници на здруженија или фондации од областа на социјална заштита, за член и заменик член во **Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“** (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија, на барање на Министерството за социјална политика демографија и млади.

2. НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ

2.1. **Националниот совет за развој** е постојано советодавно тело на Владата, кое ја организира подготовката на Националната развојна стратегијата и на Програмата за спроведување на Стратегијата, дава мислења и препораки за планирањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на Стратегијата, утврдувањето и примената на средствата и начините за финансирањето на Стратегијата; дава мислења и препораки за визијата и клучните развојни насоки и стратешки цели и приоритети на Република Северна Македонија; разгледува прашања од областа на политиките за стратешки развој во Република Северна Македонија; развива соработка со релевантни институции во земјата и странство по однос на прашања од стратешки развој; разгледува конкретни прашања и проблеми поврзани со стратешкиот развој; дава предлози поврзани со содржината, методологијата и динамиката на подготовка на Стратегијата; предлага финансиска рамка до Министерството за финансии за спроведување на Стратегијата; дава предлози до Владата за ажурирање на Стратегијата и разгледува и други прашања од значење за стратешкиот развој на Република Северна Македонија.

Членови на Националниот совет за развој се: претседателот на Владата и неговите заменици; еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија; еден претставник од Кабинетот на претседателот на Собранието; координаторите на пратеничките групи и по еден пратеник од политичките партии застапени во Собранието кои не се организирани во пратеничка група; министерот надлежен за работите од областа на финансиите; министерот надлежен за работите од областа на економијата; министерот надлежен за работите од одбраната; министерот надлежен за работите од областа на дигиталната трансформација; претседателот на Македонската академија на науките и уметностите; генералниот секретар на Владата; по еден претставник од: Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии, Стопанската комора на северозападна Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија и Занаетчиската комора на Република Северна Македонија; претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа; претседателите на осумте совети за развој на планските региони; по еден претставник од репрезентативните синдикати; претставници од установите од високото образование, со потесна специјалност од областа на стратешкиот развој, економијата, социјалниот развој и заштита на животната средина, номинирани од јавните универзитети; тројца претставници на здруженија номинирани од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица и двајца претставници на млади, номинирани од Националниот совет на млади. Членовите на Советот се именуваат и се разрешуваат од Владата.

2.2. **Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата** е формирано заради јакнење на меѓу-институционалната соработка и координација на активностите за: креирање политики за унапредување на превенцијата и борбата против корупцијата, вклучително и за обезбедување техничка поддршка; спроведување на мерки или активности предвидени со национални или меѓународни стратешки или програмски документи од областа Антикорупција; усогласено собирање и обработка на податоци за следење на состојбите со корупцијата; обезбедување придонеси за подготовка на извештаи и други материјали за известување на меѓународни организации и тела во врска со имплементација на препораки и стандарди од областа Антикорупција.

Претседавач на Меѓуресорското тело е заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење. За член и заменик член на Меѓуресорското тело се определува по еден претставник од: Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Судски совет на Република Северна Македонија, Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државен завод за ревизија, Влада на Република Северна Македонија - Кабинет на заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за европски прашања, Министерство за финансии, Министерство за јавна администрација, Министерство за дигитална трансформација, Управа за финансиска полиција, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа за финансиско разузнавање, Биро за јавни набавки, Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Агенција за управување со одземен имот, Делегација на Република Северна Македонија во Совет на Европа - Група на држави против корупција (ГРЕКО) и претставник на здружение кое најмалку 10 години спроведува активности од областа на превенцијата и борба против корупцијата номиниран од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

2.3. За секој сектор за квалификација од член 14 став (4) од Законот за националната рамка на квалификации, Одборот за национална рамка на квалификации формира секторска комисија за квалификации, составена од претседател и осум члена, кои ги назначува Одборот на предлог на: надлежното министерство, Министерството за образование и наука, репрезентативна организација на работодавачи од соодветниот сектор, репрезентативниот синдикат на вработените од соодветниот сектор, универзитетите, Центарот за развој на стручно образование, Центарот за образование на возрасните, Бирото за развој на образованието, коморите од соодветниот сектор или соодветно тело надлежно за регулирани професии (адвокатска комора, лекарска комора, инженерска комора и др.). За претседател и член на секторската комисија може да биде назначено лице кое има: завршено високо образование и најмалку пет години работно искуство во сектор/дејноста, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификациите. Стручните и административните работи за потребите на секторската комисија ги врши Министерството за образование и наука. На претседателот и членовите на секторската комисија им следи надомест за работата во секторската комисија, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука, врз основа на присуството на седниците на секторската комисија.

Секторските комисии за квалификации: ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот на трудот; предлагаат квалификации за сектор на квалификации од II до VБ подниво; ги анализираат постојните квалификации; вршат евалуација на стандардите на квалификации запишани во Регистарот на

квалификации и поднесуваат извештај до Одборот за продолжување или престанок на важноста на стандардот и даваат препораки за нивно подобрување или измена; ги идентификуваат потребите за сите видови на квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина; разгледуваат предлози за воведување на нови стандарди на занимање и подготвуваат мислење до Министерството за економија и труд за нивно усвојување; разгледуваат предлози за измени на постојните стандарди на занимање и подготвуваат мислење до Министерството за економија и труд за нивно усвојување; разгледуваат предлози за измени на постојните квалификации и подготвуваат мислење до Одборот; разгледуваат предлози за воведување нови квалификации и подготвуваат мислење до Одборот за нивно одобрување и распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации; предлагаат приоритети во развојот на нови или дополнување на постојните квалификации; даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата со стандардите на квалификации; даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата/стандардите на квалификации со испитните програми; ги промовираат секторите на квалификации и можностите за вработување во нив и доставуваат годишни извештаи за својата работа до Одборот, најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година.

Јавниот повик се однесува на Секторската комисија за уметност.

2.4. **Секторската работна група за регионален и локален развој** е формирана заради исполнување на критериумите за функционален секторски пристап за имплементација на ИПА 2021-2027. Секторската работна група е координативно тело на експертско ниво за подготовка на документи релевантни за секторската политика: регионален и локален развој, како и меѓусекторски стратегии и програми за развој. Секторската работна група учествува во координација на програмирањето, следењето и оценувањето на странската помош, во подготовката и следењето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ или други задачи поврзани со интеграцијата на Република Северна Македонија во Европската унија. Составот на Секторската работна група е одреден од институциите кои имаат влијание во областа на регионалниот и локалниот развој. Претседавач е министерот за локална самоуправа или лице назначено од негова страна.

2.5. Основна цел на проектот **„Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“** (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија, е да ги поддржи реформите и политиките кои промовираат пристап до квалитетни социјални услуги за сите корисници низ земјата. Дополнително, проектот има за цел да развие и имплементира сеопфатен, ефективен и ефикасен систем за следење и евалуација, како и да се обезбедат стандарди за квалитет на социјалните услуги. Проектот го сочинуваат три компоненти: Компонента 1: Поддршка при унапредувањето на системот за мониторинг и евалуација на рамката за мерење на квалитетот на социјалните услуги, Компонента 2: Градење на капацитетите на центрите за социјална работа, единиците на локална самоуправа и лиценцираните даватели на социјални услуги во спроведување на системот за мониторинг и евалуација на социјалните услуги и Компонента 3: Унапредување на капацитетите за вршење на стручен надзор и инспекција на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Заводот за социјални дејности.

Управниот одбор на проектот: ги разгледува извештаите за напредокот на проектот и дава препораки; дава препораки или забелешки на документите или други продукти изработени во рамки на проектот; го следи напредокот на проектот, резултатите и спроведувањето на активностите од проектот;

дискутира за критичните точки/тесни грла кои влијаат на имплементацијата на проектот и предлага мерки за надминување на проблемите. Управниот одбор се состанува на секои 6 месеци или почесто доколку е потребно со цел да биде информиран за целокупното планирање и напредокот во имплементација на предвидените активности.

## 3. УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ И КАНДИДАТИТЕ

Секоја организација може да предложи кандидат за претставник во советодавните и работни тела ако покрај специфичните услови утврдени во точка 1 од овој јавен повик ги исполнуваат и следните услови:

- е регистрирана согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
- во статутот има утврдено дејности и цели во областа на дејствување за која предлага кандидат;
- работењето и дејствувањето е насочено кон поширокaта јавност и кон интересите на заедницата.

Кандидатите за претставник во советодавните и работни тела, покрај специфичните услови утврдени во точка 1 од овој јавен повик треба да ги исполнуваат и следните услови:

- да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанското општество во областа за која се предлага;
- да имаат експертиза по прашања од граѓанското општество во областа за која се предлага (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.);
- да не се членови на органи на политички партии;
- да не се избрани или именувани лица;
- да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето на кандидат за претставник во советодавните и работни тела од точка 1 од овој јавен повик организациите го вршат на **образец** што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата (потполнет образец, потпишан од застапникот и заверен со печат на организацијата) организациите треба да приложат:

- копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на организацијата;
- профил на организација (цели, активности, резултати и извори на финансирање во последните три години;
- биографија на кандидатот.

## 4. РОК И НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Рокот за поднесување на пријавите по овој јавен повик е најдоцна до 25 **април 2025** година.
Пријавите доставени по истекот на рокот или со некомплетна документација нема да се разгледуваат!

Пријавата со целокупната документација треба да се достави електронски на е-пошта nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака: „Пријава на јавен повик“.